# КОНКУРС ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОГО НА МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР КАРПОШ

**Младински Центар Карпош добива свој визуелен идентитет и сакаме младите да бидат дел од неговото создавање!**

Младински Центар Карпош објавува конкурс за изработка на лого кое ќе стане препознатлив визуелен симбол на центарот. Младинскиот центар е простор создаден за младите, место за идеи, учење, дружење, креативност, иницијативи, активно учество и создавање промени. Токму затоа сакаме и неговиот визуелен идентитет да произлезе од младинската креативност.

**Кој може да учествува?**
На конкурсот можат да учествуваат млади лица на возраст од **15 - 29 години**.

**Што бараме?**
Предложеното лого треба:

- да биде оригинално авторско дело;
- да биде современо, младинско и лесно препознатливо;
- да ги одразува вредностите на Младински центар Карпош – еднаквост, младинско учество, креативност, храброст, автентичност, соработка и заедништво;
- да биде визуелно применливо во различни формати и големини;
- да може да се користи на социјални мрежи, веб-страници, печатени материјали, промотивни производи, документи, просторни ознаки и други материјали на Центарот;
- да не содржи елементи со кои се повредуваат авторски или други права на трети лица;
- да не биде претходно објавувано или користено како лого на друг субјект.

Логото може, но не мора, да содржи текст **„Младински центар Карпош“** и/или **„МЦК“**.

**Краен рок за учество**
Конкурсот е отворен од **3 септември до 18 септември 2026 година**.

Лицата кои ќе учествуваат на конкурсот треба да ја пополнат формата за пријавување (во прилог) и да ја испратат со предлог – логото на е-поштата sega@sega.org.mk. Предлогот треба да биде доставен во **PNG, JPG или PDF формат**, во доволно висока резолуција за разгледување. Од авторот на избраното решение дополнително може да биде побарана оригиналната/отворената датотека во соодветен формат за понатамошна професионална примена на логото.

Предлозите пристигнати по истекот на рокот нема да бидат земени предвид.

**Како ќе го избереме логото?**
Пристигнатите предлози ќе бидат оценувани според следните критериуми:

- оригиналност и креативност;
- поврзаност со младите и вредностите на Младинскиот центар;
- визуелна препознатливост;
- едноставност и функционалност;
- можност за примена во различни дигитални и печатени формати.

Младински центар Карпош го задржува правото да не избере ниту еден од пристигнатите предлози доколку тие не ги исполнуваат основните критериуми на конкурсот.

**Награда**

Авторот на избраното лого ќе добие **симболична парична награда во износ од 6.600,00 денари (бруто износ)**, како и признание како автор на првото официјално лого на Младински центар Карпош.

Избраното решение ќе стане дел од визуелниот идентитет на Центарот и ќе се користи во неговата понатамошна комуникација и промоција.

**Важно**

Не бараме само убав знак.

Бараме симбол зад кој младите од Карпош ќе можат да застанат и да кажат: **„Ова е нашиот Центар."**